# И З В Е ШТАЈ

Од одржаната мобилност на тема: **“Innovative Approaches to Special Education Needs and Disability”**, во Анталија, Турција. Обуката беше организирана од страна на провајдерот: “Sherlock Edu”, Велика Британија. На седумдневната обука во периодот од **17.05 - 23.05.2021** присутни беа: Снежана Шумковска и Билјана Црвенова, наставници од основното училиште ООУ „Кочо Рацин“ и наставници и стручни соработници од основното училиште ООУ “Браќа Рамиз – Хамид“, Шуто Оризари, Скопје.
Обучувач беше Hasan Nasirci, воедно и претставник од специјализираното училиште: “Kazım Karabekir özel eğitim uygulama okulu”, Турција.

На обуката беа презентирани потешкотиите при учење како: дислексија, дискалкулија, дисграфија и недостиг на внимание, и воедно се презентираа и методи и пристапи за рана детекција и интервенција при едукација на ученици со ПОП. Се презентираа и иновативни пристапи при работа на деца со аутизам, надарени деца и деца со блага ментална попреченост. Притоа се даде и посебен осврт на применливи и креативни активности при “task based” учење, како и план за индивидуален простап при работа со деца со ПОП со вклучени игри, драмски и уметнички применливи активности. Се презентираше и асистивната технологија и педагошките и дидактичките средства кои ќе служат во насока на надоградба на знаењето и вештините кај деца со ПОП.

Целта на обуката е да им се помогне на наставниците во идентификација на деца со ПОП и да се дадат практични насоки во планирање и менаџирање во секојдневната работа која вклучува деца со ПОП. Воедно во цел тој процес се даде посебен акцент на колаборативни стратегии во релација: наставник- ученик - родител - стручна служба, со што продобивките кај сите засегнати страни се уште поефикасни.

**Извештајот го подготвија:**

**Билјана Црвенова,** наставник по англиски јазик во ООУ “Кочо Рацин”, Скопје, и дел од проекниот тим во реализација на **Еразмус КА101** проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**

**Снежана Шумковска,** наставник по ликовно образование во ООУ “Кочо Рацин”, Скопје, и дел од проекниот тим во реализација на **Еразмус КА101** проектот со наслов: **“Dealing with challenging behavior”**







